# З А П И С Н И К

## од 379-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана во салата на Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 28.07.2021 година, (вторник) со почеток во 10,43 часот

На седницата присуствуваа претседателот на Советот Павлина Црвенковска, Миљазим Мустафа, заменик претседател на Советот, Киро Здравев, Зоран Теофиловски, Ханиф Зендели, Мери Радевска и Сашко Георгиев - членови на Советот избрани од редот на судиите и Селим Адеми - член на Советот избран од Собранието на Република Северна Македонија.

На седницата on-line присутни се и членовите на Советот, Лорета Горгиева и Мирсад Суроји - членови на Советот избрани од редот на судиите и Весна Дамева, член на Советот избрана од Собранието на Република Северна Македонија

Отсутнисе: Беса Адеми - претседател на Врховен суд на РСМ и Бојан Маричиќ - министер за правда.

Оправдано отсутен, поради користење на годишен одмор е и членот на Советот Гордана Спиреска.

На седницата е присутен преставник од Коалисијата „Сите за правично судење“ .

Записникот го водеше Анита Андоноска –генерален секратар на Судскиот совет на РСМ. На седницата присуствуваше и Емилија Николиќ - државен советник во Судскиот совет на РСМ и Вера Андрејчин – советник за односи со јавност.

**Претседателот на Советот Павлина Црвенковска о**ткако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи Дневниот ред предложен за 379-та седница и отвори расправа по истиот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор**Претседателот на Советот Павлина Црвенковска** Дневниот ред за 379-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е усвоен следниот

## *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

1.Донесување на Одлука за констатирање на престанок на судиска функција поради смрт.

2.Донесување на Одлука по поднесен приговор од страна на судија за измена на Годишниот распоред за работа донесен од претседател на суд.

3.Разно.

**Точка 1**

**Донесување на одлука за констатирање на престанок на судиска функција поради смрт.**

Во 1-та точка од Дневниот ред**Претседателот на Советот Павлина Црвенковска** ги информираше членовите на Советот дека во врска со смртта на Беџет Мехмети, судија на Основен суд Битола од страна на Основниот суд Битола до Советот е доставено известување Су.бр.120/21 од 26.07.2021 година, во Советот заведено под бр.03-1255/1 од 26.07.2021 година, со кое Советот се известува дека Беџет Мехмети,судија на Основниот суд Битола починал на ден ….. година. Дополни дека во прилог со известувањето е доставена и копија од извод од матичната книга на умрените МКУ за општина Ресен, место с. Г., под тековен број 2.за 2021 година, бр.11-4/98 од 22.07.2021 година.со цел Советот да констатира престанок на судиската функција на наведениот судија.

Со оглед дека станува збор за неспорна околност во продолжение **Претседателот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека не е потребно да се гласа, туку само да се констатира престанок на судската функција врз основа на што е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УТВРДУВА**престанок на судиската функција на **Беџет Мехмети судија на Основниот суд Битола,** поради смрт.

Со денот на престанокот на судиската функција на судијата и престанува правото на плата како судија, заклучно со ….. година.

По исцрпување на 1-та точка од Дневниот ред се премина на постапување по 2-та точка од Дневнио ред –„Донесување на Одлука по поднесен приговор од страна на судија за измена на Годишниот распоред за работа донесен од претседател на суд“.

**Точка 2**

**Донесување на Одлука по поднесен приговор од страна на судија за измена на Годишниот распоред за работа донесен од претседател на суд.**

За 2-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот** информираше дека Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје поднела приговор против измената на Годишниот распоред за работа за 2021 година донесен на 16.07.2021 година од страна на претседателот на судот.

Збор даде на **членот на Советот Киро Здраввев**во својство на координатор за работата на Основен граѓански суд Скопје да го презентира приговорот.

**Членот на Советот Киро Здраввев** најнапред истакна дека претседателот на Основниот граѓански суд Скопје на ден 16.07.2021 година донел Годишен распоред за изменување на годишниот распоред за работа на Основен граѓански суд Скопје за 2021 година. Детално ги образложи измените на годишниот распоред за работа по оддели и ги изнесе причините за направените промени. Дополни дека по однос на навременоста и надлежноста претседателот на Основниот граѓански суд Скопје измената на распоредот за работа ја извршил согласно чл. 39 ст. 8 од Законот за судовите и чл. 12 ст.1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите согласно кој точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „но не повеќе од еднаш во текот на пет години“.По истекот на времето за кое судијата е распореден во друг судски оддел задолжително се враќа во одделот во кој бил претходно распореден. По однос на надлежноста инфорираше дека согласно чл.39 ст.12 судијата против одлуките на ставовите 8 и 9 може да вложи приговор во рок од три дена до Судскиот совет на РСМ.....Согласно цитираните законски одредби дополни дека со оглед да одлуката за измена на распоредот за работа е донесена на ден 16.07.2021 година, а приговорот од судијата Мирјана Смиљкова е вложен на ден

19.07.2021 година произлегува дека приговорот е навремен, а по однос на надлежноста дека е неспорно дека надлежен да одлучува по приговорт е Судскиот совет на РСМ.

Во продолжение ги информирашечленовите на Советот за наводите од приговорот и дополнението на приговорт. Во таа насока истакна дека Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје доставила приговор во Советот заведен под бр.03-1191/1 од 19.07.2021 година и дополнение на приговор во Советот евидентиран под бр. 03-1191/2 од 21.07.2021 година со кои известува дека со Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2021 година била распоредена во Одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови. На ден 16.07.2021 година примила Годишен распоред за изменување на годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје со кој како судија, без нејзина согласност била преместена од одделот за имотни спорови во одделлот за трговски спорови, стечај и ликвидација. Известителот дополни дека судијата Мирјана Смиљкова во приговорот навела и дека со наведеното преместување е направена повреда на одредбите од Законот за судовите при донесување на измената на Годишниот распоред за работа од причини што во смисла на одредбата од член 39 ст. 6 од Законот за судовите претседателот на судот воопшто не побарал нејзина согласност за преместувањето од еден во друг оддел иако согласно законот требал тоа да го стори, ниту пак во смисла на ст.12 од истиот член 39 изготвил писмено образложена одлука за преместувањето кое нешто е неопходно. Дополни дека судијата смета дека во конкретниот случај нејзиното преместување од еден во друг оддел е извршено со примена на чл.39. ст.8 кој не предвидува согласност од судијата за преместување, а согласно со добиеното позитивно мислење од Општата седница на Врхониот суд на РСМ. Во продолжение известителот, ч**ленот на Советот Киро Здраввев**информираше дека судијата во приговорот навела и дека во одделот за имотни спорови работела откако е избрана за судија, односно неполни 17 години што упатува дека е специјализирана за оваа област и дека покажува резултати во работењето, дека нема стручен соработник и сама ги изготвува одлуките, дека нејзиниот број на решени предмети во годишните извештаи не се разликува од бројот на решени предмети на судиите кои имаат стручни соработници, дека со преместувањето нема да се постигне ист квалитет и квантитет во работата од причини штово одделот за трговски спорови никогаш не работела и дека на овој начин и се наштетува лично на судијата во нејзиното натамошно

напредување во кариерата. Поради наведените причини ч**ленот на Советот Киро Здраввев истакна дека** со поднесениот приговор судијата Мирјана Смиљкова бара приговорот да се усвои и да се наложи на претседателот на судот да донесеодлука со која повторно ќе биде распоредена во одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови.

Ч**ленот на Советот Киро Здраввев**информираше и дека со дополненито на приговорот доставено до Советот на ден 21.07.2021 година и евидентирано под бр. 03-1191/2 судијата Мирјана Сиљкова од страна на претседателот на Основниот граѓански суд Скопје до кого поднела барање за изработка на посмено образложена одлука за прераспоредување, со известување СУ-03-876/21-1 од 21.07.2021 година била известена дека одлуката за распоредување од еден во друг оддел со образложени причини е содржана во годишен распоред за изменување на годишниот распоред на работа на Основниот граѓански суд Скопје. Според наводите од дополнението на приговор **членот на Советот Киро Здравев** информираше дека судијата смета дека одлуката за распоредување од еден во друг оддел имала формално правен недостаток бидејќи не содржела временски период на распоредување во смисла на чл.39 ст.8 од Законот за судовите што е најдолго за време од една година, што упатува дека станува збор за преместување на неопределеновреме. Воедно, судијата смета дека годишниот распоредза изменување на годишниот распоред на работа на Основниот граѓански суд Скопје противвречи самиот на себе бидејќи претседателот на судот еден судија кој досега постапувал во одделот за трговски спорови го преместил во одделот за имотни спорови и со тоа го намалил бројот на судии во тој оддел, а при тоа истовремено двајца судии од одделот за имотни спорови ги преместува во одделот за трговски спорови, иако било доволно да се распореди само еден судија, што според судијата Мирјана Смиљкова значи дека нејзиното преместување во одделот за трговски спорови е непотребно.

По излагање на поднесениот приговор и дополнението на приговорот поднесени од Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје, **членот на Советот Киро Здравев**во својство на известител укажа дека согласно одредбата од чл.39 ст.8 од Законот за судовите за распоредување на судија во друг судиски оддел неопходно е претходно прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на РСМ.Во таа насока дополни дека претседателот на Основниот граѓански суд Скопје прибавил

мислење од Општата седница на Врховниот суд на РСМ согласно кое општата седница на Врховниот суд на РСМ дава позитивно мислење за распоредување на судии од еден оддел во друг оддел и тоа од Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови во Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација и во Оддел за работни спорови, но не и обратно.

Врз основа на изложженото **членот на Советот Киро Здравев** истакна дека од приговорот, дополнението на приговорот и законските одредби кои ги изложил произлегува дека приговорот е навремен, дека надлежен да одлучување по приговорт е Судскиот совет на РСМ, дека според него станува збор за одлука иако измената на распоредот за работане го има тој назив, бидејќи сепак извршената измена на распоредот содржи образложение и дека има прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд кој факт упатува дека одлуката е покриена. Во продолжение истакна дека истотака е факт дека измената на распоредот за работа не содржи поука и во истиот не е наведено дека прераспоредувањето се врши за период од една година, но дека станува збор за мали недостатоци кои одлуката не ја чинат незаконита. Ова од причини што самиот факт што е вложен приговор укажува дека се применети законските одредби и претседателот на судот неможе и да сака судијата да ја држи во одделот каде што ја прераспоредил повеќе од една година, односно по истекот на овој рок мора да ја врати во одделот за имотни спорови каде што и постапувала, што значи дека е постигната целта како за судијата, така и за претседателот на судот.

Врз основа на сето погоре изложено **членот на Советот Киро Здравев** истакна дека според него приговорот е неоснован.

Во продолжение како координатор за работата на Основниот граѓанси суд Скопје **членот на Советот Киро Здравев**го истакна и своето сопствено гледиште дека Осноииот граѓански суд Скопје има проблем со судии, особено во Одделот за стечај и ликвидација кој мора да се зајакне, од кои причини прераспоредувањето на судиите Мирјана Смиљкова и Марика Скандева Мурџева во овој оддел на некој начин значи негово зајакнување и дека претседателот на судот бил принуден тоа да го стори и да интервенира со прераспоредување на судии во овој оддел се со цел да овозможи реализација на програмата за работа која ја изготвил.

**Претседателот на Советот**отвори расправа по приговорот поднесен од Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев.** Истакна деа во целост се согласува со колегата Киро Здравев дополнувајќи деа нема дилема по однос на процедурата, односно дека истата мора да се запази и да биде усогласена и со мислењето од Врховниот суд. Дополни дека неговата поента е дека треба да се има претстава дека во поголем број на судови во државата судиите секојдневно постапуваат и кривична и граѓанска материја каде судат имотни, стопански предмети....., наспроти во конкретниот случај каде што судот каде што судијата работи е специјализиран суд, па со оглед на таа околност и материите по кои се постапува се сродни материи. Од наведените причини смета дека тука нема дилема и дека работата е чиста.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека**с**е согласува со излагањата на колегите Киро Здравев и Сашко Георгиев. Смета дека доколку се работело за друг приговор автоматски ќе бил одбиен од причини што има добиено согласност од Врховниот суд. Дополни дека секое укажување и секоја критика на Советот е упатена токму кон претседателите на судовите, па истото се однесува и кога станува збор за годишниот распоред, Советот секогаш им кажува на претседателите на судовите дека се одговорни, дека тие го следат судот и дека тие треба да знаат каде да ги распоредуваат судиите. Дополни дека на Советот добро му е позната состојбата во Основен кривичен и во Основен граѓанси суд Скопје и дека во зависност од тежината на предметите претседателот е тој кој што мора да превзема нешто зошто тоа е негова надлежност. Смета дека приоговорот е неоснован и дека треба да се подржуваат претседателите на судовите, особено во поголемите судови каде што фалат судии.

**Заменик претседателот на Советот МиљазимМустафа** истакна декаостанува на тоа дека претседателот е правно покриен со одлуката што ја има донесенои со прибавеното мислење од Врховен суд, така како што се бара во законот и покрај тоа што мислењето од Врховниот суд му е нелогично од причини што во еден правец дозволува да се менуваат судиите, а во друг не дозволува. Во продолжение се осврна на наводите од приговорот

поднесен од судијата Мирјана Смиљкова. Во таа насока истакна дека во дополнувањето на приговорот судијата навела дека претседателот има постапено спротивно на мислењето на општата седница на Врховниот суд каде што судијата Соња Кочовса ја има преместено од еден во друг оддел спротивно на мислењето на Врховниот суд. Смета дека тоа не е предмет на приговорот, дека останува на досега кажаното и дека сака да знае што е целта на претседателите на судовите кога прават вакви измени?Дополни дека во конкретниот случај правно гледано има мислење и почитувани се законските прописи, дополнувајќи дека го прифаќа кажаното од **членот на Советот Киро Здравев** дека во нашиот одговор може,со цел и судијата да биде спокојна да се наведе дека согласно одредбите од Законот за судовите претседателот на судот неможе да ја држи во друг оддел спротивно од нејзината волја повеќе од една година.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** смета дека дискусиите на сите претходни членови на Советот се во ред и дека излагањето на **членот на Советот Киро Здравев**како известител е јасно и исцрпно. Дополни дека е неспорно дека претседателот на Основниот граѓански суд ја испочитувал законската одредба од чл.39 ст. 8 во делот за прибавување на мислење од општата седница на Врховниот суд, но сепак смета дека направил пропуст со тоа што не изготвил формална одлука посебно ако се има во предвид дека се работи за распоредување спротивно на согласност и волја на судијата. Во секој случај истана дека ќе гласа за неоснованост на приговорот, дополнувајќи дека наведената ситуација не сака да стане пракса, односно да не се прогледува низ прсти на пропустите на претседателите на судовите. Смета дека во иднина Советот треба да бара исполнување на формалностите, односно во конретниот случај како што претседателот на судот го испочитувал делот за прибавување на мислење од општата седница на Врховниот суд така требал и да изготви формална одлука со образложени причини која недостасува, а кои недостатоци сега Советот ќе треба да ги исправи или да ги корегира. Дополни дека е неспорно дека на секој претседател на суд му е оставена диспозиција согласно потребите и процесот на работата да го организира судот на нај фунционален начин, кое

нешто стои и во работните обврски на претседателот, но сепак смета дека во иднина тоа не треба да стане пракса и за другите, туку треба да се испочитуваат законските одредби. Дополни дека го приметила истото што и колегата Миљазим Мустафа, односно дека наведеното во приговорот од судијата Мирјана Смиљова е спротивно од мислењето на општата седница на Врховниот суд,каде што стои дека не може да се преместува, а од вложениот приговор произлегува дека тоа е сторено, но тоа не е предмет на приговорот, па го истакнува како свој коментар. На крајот на своето излагање истакна дека ќе гласа за одбивање на приговорот и потврдување на одлуката на претседателот на Основен граѓански суд Скопје.

**Претседателот на Советот**истакна дека со оглед на состојбата што е актуелна во Основниот граѓански суд Скопје и со оглед на ингеренциите ои ги има претседателот на судот кој се грижи за организационата поставеност и работа на судот смета дека претседателот на Основниот граѓански суд Скопје правилно го донел Годишен распоред за изменување на годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2021 година и правилно постапил кога побарал мислење од општата седница на Врховниот суд. Дополни дека е точно дека претседателот не изготвил форална одлука за измена на годишниот распоред, но смета дека со тоа не се навлегува во незаконитост на содржината на годишниот распоред кој што е донесен и на образложението што го има во истото. Од наведените причини истакна дека смета дека приговорот на судијата Мирјана Смиљкова треба да се одбие како неоснован со укажувањата изнесени претходно од **членот на Советот Киро Здравев.**

Во таа насока**Претседателот на Советот** предлогот на **членот на Советот Киро Здравев**, приговорот поднесен од Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје да се одбие како неоснован го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје да продолжи да постапува во Одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација согласно Годишен распоред за изменување на годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2021 година, СУ-02-55/21 од 16.07.2021 година.

**Претседателот на Советот** истакна дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 3-та точка од Дневниот ред - „Разно“.

**Точка 3**

**Разно**

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека иако не се јавува во улога на координатор за работата на Основен суд Кичево сепак чуствува потреба да ги извести членовите на Советот за состојбите и проблемите со кои се соочува Основен суд Кичево. Во таа насока информираше дека од претседателот на Основен суд Кичево добил допис со кој најнапред се бараат нови вработувања на администрација и воедно се укажува на проблемите со кои се соочува судот. Дополни дека нема да се произнесе за делот со кој се бараат нови вработувања, но дека ќе се произнесе по однос на состојбата со бројот на судии во овој суд, дополнувајќи дека смета дека во Основниот суд Кичево мора да се делегираат судии и да му се излезе во пресрет на претседателот на судот. Во продолжение потсети дека од 2020 година овој суд согласно законските измени е суд со проширена надлежност, дека во 2018 година работел со 11 судии и број на предети од 9.000. Укажа деа во пристигнатиот допис претседателот на Основниот суд Кичево информирал и дека бројот на судии во судот постојано се намалува, наспроти бројот на предмети кој се зголемува, дека во 2011 ггодина во Основен суд Кичево постапувале 11 судии, во 2009 година 9 судии, во 2020 година 8 судии и на крај во 2021 година постапуваат само 7 судии заедно со претседателот кој судот,наспроти бројот на предмети кој само во првото тромесечие од 2021 година е близу на 7.000 предмети, односно изнесува 6.908 предмети. Од наведеното произлегува дека секој судија во просек имал по 820 предмети во работа што преставува голема бројка. Поради наведените причини, а со цел судот да функционира и да покажува позитивни резултати во работењето **членот на Советот Селим Адеми** информираше дека претседтелот на Основен суд Кичево бара во судот да се делегираат двајца или тројца судии. Познавајќи ги генерално

состојбите во судовите во државата, особено од аспект на бројот на судии **членот на Советот Селим Адеми** истакна дека смета дека бараната бројка од двајца или тројца судии е тешко да се задоволи, но смета дека Советот треба да размислува на наредната седница, односно по завршување на судската ферија, од месец септември во Основен суд Кичево да се делегира барем еден судија бидејќи тоа е неопходно, особено од причини што согласно денес изложеното станува збор за алармантна состојба.

По однос на прашањето од каде да се делегира судија во Основен суд Кичево **членот на Советот Селим Адеми**го истакна својот став дека смета дека тоа треба да биде судија избран од редот на академците дотолку повеќе што и тие самите при изборот прифатиле за период од една година да бидат делегирани, односно да одат да работат во друг суд било каде во државата каде што има потреба. Смета дека прашањето за делегирање на судии од еден суд во друг веќе не треба да се јавува како дилема бидејќи Советот има став а и заклучок деа кога ќе се јави потреба за делегирање на судија тоа треба да се стори од редот на судиите академци. Воедно, дополни дека смета декана ниеден академец нема ништо да му значи ако една година оди да работи во друг суд, туку напротив ќе има позитивни ефекти и за самите академци....ќе сменат средина ...

**Претседателот на Советот** истакна дека од судиите академци има само двајца во Основен кривичен суд, бидејќи еден судија академец од Основен граѓанси суд е веќе делегиран во Основен суд Берово, а останатите две судии се на породилно боледување.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека се согласува со ставовите на **членот на Советот Селим Адеми**бидејќи се она што е кажаное неспорно. Воедно, смета декатреба да се размисли дали делегирањето да се изврши од Основниот кривичен суд со цел да не му се направи штета на овој суд, имајќи ја предвид околноста дека во првото тромесечие од 2021 година бил ажурен во своето работење, како и околноста дека во иднина кривичниот суд ќе постапува со двајца судии помалку поради нивно разрешување, со кои на некој начин се поривала состојбата. Во продолжение потсети деа во судот треба да има 70 судии по систеатизација како и дека во првото троесечие од 2021 година постапувале 48 активни судии кој број е многу мал. Сепак дополни дека не спори и доколку во моментотсостојбата во Основен суд Кичево е поалармантна од

состојбата во Основниот кривичен суд Скопје и има поголема потреба од судии ќе се согласи да се изврши делегирање на судија од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Кичево, барајќи при тоа сепак да се имаат предвид сите денес изнесени фати по однос на состојбата во Основен кривичен суд, а пред се околностите дека се разрешени двајца судии и дека бројот на судии е многу мал. Воедно, истакна и дека поради наведените причини смета дека е порационално делегирањето на судија во Основниот суд Кичево да се изврши со судија од апелационото подрачје на кое се наоѓа Основниот суд Кичеводотолку повеќе што и таму има академци, при што тоа не мора да биде судија од последните академци, како и дека има академци и во Основен суд Битола.

**Членот на Советот Киро Здравев** истакна деа и претходно и сега Советот се судира со проблемот на недостаток на судии дополнувајќи дека доколку сеима во предвид и измената на одредбата од членот 104 од Законот за судовите, дека максимуммандатот на судиите може да се продолжи до 30.06.2022 година, овој проблем со недостаток на судии уште повеќе ќе се изостри по истекот на овој период, односно по 30.06.2022 година. Во таанасока инфорираше дека од државниот советник Зоран Тапчановси побарал да извади бројка на судии кои по 30.06.2022 година ќе го напуштат судството при што се дошло до алармантна бројка. Дополни дека проблемот не е дали станува збор за млади или стари судии, туку дека проблемот се сведува на недостаток на судии. Побара од **членот на Советот Мери Радевска** да ги презентира статистичките податоци за бројот на судии кои ќе сепензионираат до 30.06.2022 година

За збор се јави **заменик претседателот на Советот Миљази Мустафа.** Предложи најнапред да се заврши дисусијата по однос на прашањето за состојбата во Основен суд Кичево која ја отвори **членот на Советот Селим Адеми.** Во таа насоа предложи да се направи сега анализа колку судии има во Основен суд Тетово, Основен суд Гостивар или во судовите во Охрид и Струга, после што да се одлучи од каде да се делегира судија во Основен суд Кичево .

**Членот на Советот Весна Дамева**дополни дека тука спаѓаат и Основен суд Битола и Основен суд Охрид па би можело да се размислува и од таму да се делегира судија. Воедно, побара од членовите на Советот да се размислува дали со делегирањето на судија ќе се реши проблемот во Основен суд Кичево или треба да

се размислува за распишување на оглас по хоризонтала како што е направено за Основниот кривичен суд Скопје, од причини што можеби има некој судија од Охрид Битола... кој би сакал да работи во Основен суд Кичево со што трајно би се решил проблемот.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** смета дека има конретен предлог истанат од **членот на Советот Селим Адеми** да се делегира судија од редот на академците. Дополни дека доколку сега се оди во детали дали да се делегира судија од Основен суд Тетово...Гостивар..Битола или Охрид, смета дека тоа е друга работа во која насока постави и прашање – „Дали денес Советот е спремен тоа да го стори“????. По однос на предлогот во Основен суд Кичево да се делегира судија од редот на академците истакна дека се согласува тоа да се стори на денешната седница и да се делегира судија во Основен суд Кичево имајќи ја во предвид состојбата со која се соочува овој суд.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека во принцип правилно е да се делегираат акадеците кои и самите ветиле дека ќе дадат изјави дека две години ќе одат во помалите судови да работат таму, само да бидат избрани во судот во кој што сакале, односно во Скопје. Дополи дека во принцип делегирањето би требало да се изврши од овие судии. Од друга страна истакна дека доколку состојбата со Основен кривичен суд и Основен граѓански суд Скопје е таква што и недостигаат многу судии тогаш од судовите во апелационото подрачје Гостивар истакна дека во Основен суд Гостивар моментално има 13 судии од предвидени 16 во Основен суд Тетово има 23 судии од предвидени 26 и во Основен суд Дебар каде состојбата е полоша бидејќи од предвидени 5 судии има 3 судии. Во продолжение истана дека смета деа од Советот зависи дали ќе се делегираат академци и дали ќе се делегираат судии од апелационото подрачје Гостивар дополнувајќи дека за судовите од апелационото подрачје Битола смета деа сепак координаторите треба да кажат дали има услови за делегирање. Во таа насока истакна дека во Основен суд Охрид од предвидени 18 судии постапуваат 14 судии, во Основен суд Битола од 25 предвидени постапуваат 19 судии, во Основен суд Прилеп од предвидени 18 постапуваат 15 судии, додека во Основен суд Струга од предвидени 15 постапуваат само 9 судии.Од наведените причини смета дека треба да се делегираат академци, ако не последните избрани тогаш од претходните, дополнувајќи дека како и да се распоредуваат судиите, факт е дека секаде недостасуваат судии.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека во целост се согласува со предлогот на **заменик претседателот Миљазим Мустафа** дотолку повеќе што станува збор за суд со проширена надлежност и со голем обем на предмети што укажува дека е неопходна потребата за делегирање на судија. Дополни дека ќе гласа за делегирање на судија во Основен суд Кичево, но дека сепак смета дека поради судската ферија во овој период, делегирањето би требало да се изврши на првата наредна седница, односно некаде после 20-ти август кога судовите ќе почнат со работа.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека не случајно сега го отворил ова прашање,со цел да се има време за разислување, бидејќи отприлика знаел дека следна седница на Советот ќе има токму во тој период, односно на крајот на месец август. Дополни и дека затоа побарал Основен суд Кичево да има барем еден делегиран судија за септември месец при што го имал предвид и фактот дека сега е судска ферија.

Во продлжение **членот на Советот Мери Радевска**ги презентираше статистичките податоци за бројот на судии на кои ќе им престане судиската функција поради пензионирање до 30.06.2022 година. Во таа насока истакна дека ова прашање можеби треба да се разгледа на посебна седница, но според податоците првично состојбата е следна: На крајот на 2022 година во судството ќе има помалку 69 судии по основ на пензионирање. На 30.06.2022 година по овој основ ќе има помалку 56 судии, од кои 8 ќе заминат во пензија во 2021 година бидејќи немаат побарано продолжување на мандатот, а 48 судии ќе заминат во пензија на 30.06.2022 година. Дополни дека во текот на 2022 година, односно до крајот на оваа година уште на 13 судии ќе им престане мандатот по основ на пензионирање. Воедно, истакна и дека според извадените податоци за 2023 и 2024 година, до крајот на 2024 година ќе има помалку 141 судија по основ на пензионирање. Во продолжение истакна деа е познато дека од Академијата за судии и ЈО како нови ќе дојдат 30 судии од оваа генерација која ќе заврши во 2022 година, што значи дека нови огласи за судии ќе има во 2023 година и во наредната 2024 година. Врз основа на направената анализа истакна дека произлегува дека ќе се јави еден период во кој нема да може да се покрие недостатокот на кадар во судството со што ќе настане проблем. Сепак, истакна дека смета дека за ова прашање треба да се направи подлабока анализа, дополнувајќи

дека ќе има судови, како на приер Основен суд Битола кој ќе остане со 9 судии, апелациониот суд во Битола истотака со 9 судии итн..... а некои судови ќе се доведат во состојба да немаат судии.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека не претпоставил дека на оваа седница ќе се отвори прашањето за недостаток на судии со кој ќе се соочи судството во спротивно ќе го побарал записникот од седницата каде точно кажува дека 69 судии ќе се пензионираат во што бил уверен и покрај неверувањето на останатите членови наСоветот дека тоа ќе се случи. Поради наведеото дополни дека тогаш предложил од Академијата да се бара бројка од минимум сто академци од причии што ќе има период кога нема да има судии, дополувајќи дека неговиот предлог тогаш не бил прифатен бидејќи се водело сметка и за можностите на академијата наспроти потребите на Советот и реалната состојба на терен. Во продолжение истакна дека смета дека доколку Советот од Акадеијата постојано не бара прием на 100 академци нема да има ниту решение бидејќи факт е дека веќе нема пролонгирање на пензионирањето и дека на 30.06.2022 година сите судии кои исполнуваат услови за пензионирање ќе бидат пезионирани. При тоа ги спомена и судиите кои се во постапка за разрешување истакнувајќи дека тие не влегуваат во бројката од 69 судии помалкуна крајот на 2022 година.

**Заменик претседателот на Советот Миљазим Мустафа** истакна дека за оваа тема која се отвори на денешната седница Советот треба посебно да се подготви, со бројки, со анализа а и со предлози. Во таа насока предложи на некоја наредна седница на која ќе има помалку точки да се анализира целокупната состојба во судството при што да се дадат насоки и да се донесат предлог решенија како да се фунционира во иднина. Во продолжеие истана дека Советот го знае капацитетот на Аадемијата за судии и ЈО, па аналогно на тоа знае и што може да се очеува од академијата како број на кадар во наредните 4 до 5 години, како и дека решение мора да се најде бидејќи и сега има миус 100 и кусур судии, а за кратко време можеби ќе има и други 100 помалку наспроти фактот дека академијата не може да прозведе судии за една ноќ. Поради наведеното смета дека треба да се закаже посебна седница на која секој член на Советот да дојде подготвен, да се даваат предлози, врз основа на кои да се донесе одреден заклучок како да се реши состојбата ксо недостаток на судии кој Судсиот совет потоа да го презентира како решение.

**Членот на Советот Киро Здравев** истакна дека лично не се чуствува засегнат со измените на одредбата од членот 104 од Законот за работни односи од причини што функцијата му е врзана со мандат од 6 години. Дополни дека независно од тоа, како присутен во судството 40 години и со стаж на судија од 38 години смета дека проблемот со недостаток на судии ќе се изострува при што Советот ќе нема решение бидејќи ќе нема од каде да се избираат судии. Во продолжеие дополни дека се сеќава на предлогот на **членот на Советот Селим Адеми** дасе бараат 100 академци, како и тоа деа Советот прифатил да бара само 50 академци од причини што сеуште не се располагало со сигурни индикатори колку судии ќе бидат потребни за 9-та генерација при што било кажано дека се задржува правото бројката од 50 академци да може да се зголеми, да бидат 70, па и 100, односно дека нема пречки да се бара зголемување. Во таа насока потсети дека од Академијата за судии и ЈО се добиени два дописи во кои се вели дека Советот не е сериозен кога бара 50 академци и дека треба Советот да ја преиспита бројката. Смета дека станува збор за апсурдни ситуации и дека и Академијата треба да го свати Советот дека ќе бидат потребни повеќе судии

**Членот на Советот Мери Радевска** истотака истакна дека лично не е засегната од состојбата но дека факт е дека истата ќе предизвика колапс за кое нешто сите се свесни поради што и треба јасно да се каже. Во продолжеие истакна дека во направената анализа не се земени во предвид жените судии кои исполниле или ќе исполнат 62 годинистаж, а кои имаат право да одат во пензија и на оваа возраст и кои чуствувајќи ја тежината на работата која следи со зголемен број на предмети сигурно ќе го направат тоа и ќе одат во пензија дотолку повеќе што не се издржува и ваквата бројка на предмети и овој обем на работа.

**Членот на Советот Селим Адеми** смета дека проблемот е во системот. Доколку Советот одлучи за одредена бројка на слушатели во академијата, академијата нема што да се меша бидејќи тоа е надлежност на Советот. Смета дека Академијата треба да ја почитува бројката дадена од Советот, а не да навлегува во детали. Истотака смета и дека Академијата не треба да има смелост да каже на Советот да преиспитува предложена бројка од причини што Советот е тој што прави анализа на потребите од судии и ако каже одредена бројка академијата само треба да спреми толку кадар. Ова од причии што смета дека е подобро да

има повеќе академци, отолку помалку, одосно да има готов кадар за секаде каде ќе се јави потреба.

**Членот на Советот Весна Дамева** смета дека **членот на Советот Селим Адеми** е во право и дека всушост на овој начин Советот излегува во пресрет на Академијата. Ова од причиин што смета дека Академијата со 30, 50 или помалку кандидати многу успешно ќе ги спроведе обуките, но на овој начин Советот ќе се доведе во ситуација да биде неуспешен од причини што нема да ја спроведе сопствената визија, односно ќе се доведе во ситуација да нема судии и тоа ќе биде на штета на Советот. Смета дека доколку Советот и каже на академијата дека требаат 100 кандидати, академијата е таа која треба да се изорганизира во смисла на обезбедување простор, ангажирање на повеќе ментори...итн. Во продолжение истакна дека со цел да не се обременува денешната дискусија го прифаќа како многу рационален предлогот на **заменик претседателот на Советот Миљазим Мустафа** на некоја наредна седница, дури и специјална за ова прашање, да се отворат сите работи и за пензионирање на судии и за број на кандидати во академија... после што да се донесе заклучок што ќе го трасира патот за постапување на Советот во иднина.

**Претседателот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека на денешната седница доволно е разговарано на темата. Во таа насоа истакна дека ја заклучува денешната седница со дополнување дека во текот на месец септември ќе биде закажана седница  по однос на овие проблеми за која ќе бидат направени и прибавени сите анализи, особено за апелационото подрачје Гостивар под кое потпаѓа и Основен суд Кичево со анализа колку судии има во Основните судови во Тетово, Дебар Гостивар....апелација Гостивар и какви се можностите за делегирање на судија од ова апелационо подрачје во Основниот суд Кичево. Воедно, побара да се направи анализа за бројката на судии кои што би се пензионирале до крајот на 2022 година со 64 години и посебна анализа за жени судии со 62 години, со кои анализи ќе се овозможи да се утврди реалната бројка на судии, односно со колку судии на крајот на 2022 година би располагале во судството.

**Претседателот на Советот Павлина Црвенковска** констатира дека е исцрпен Дневниот ред на 379-та седница на Советот и дека истата е завршена во 11,53 часот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**